ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИТЕ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ЈОХАН ХАЈНРИХ ПЕСТАЛОЦИ“ – СКОПЈЕ, ЦЕНТАР ВО УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

Јули, 2026 година

ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕДНОДНЕВЕН НАСТАВНО-НАУЧЕН И РЕКРЕАТИВЕН ИЗЛЕТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД I – IX ОДДЕЛЕНИЕ

Есенски еднодневен излет

Место на одржување: Градски парк, Скопје
Целна група: Ученици од I – IX одделение
Време на реализација на излетот: септември
Времетраење: 09:00 - 14:00 часот
Цели на излетот:

1. **Наставни цели:**
   - Подобрување на знаењето за природата и животната средина.
   - Развивање на тимска работа и соработка помеѓу учениците.
   - Применување на учењето во пракса преку активностите во природата.
2. **Научни цели:**
   - Запознавање со различните видови на растенија и животни во Градскиот парк.
   - Реализација на едноставни научни експерименти и активности во природа.
3. **Рекреативни цели:**
   - Промоција на физичка активност и спортски дух.
   - Создавање на позитивна атмосфера за дружење и забава.

АКТИВНОСТИ:

08:30 - 09:00

- **Собирање на учениците**

Место: Пред училиштето

09:00 - 9:20

- **Поаѓање (пешачење) кон Градски парк, Скопје**

9:30 - 10:30

- **Прва активност: "Запознавање со природата"**

Упатства за безбедност, распоредување на учениците и правилно однесување во природа.

Прошетка низ паркот со идентификација на растенија и животни.

10:30 - 11:30

- **Научна активност: "Експерименти во природа"**

Изведување на едноставни научни експерименти во групи.

Примена на научни принципи и концепти.

11:30 - 12:00

- **Слободни игри**

12:00 - 13:30

- **Спортски активности и игри**

Тенис, фудбал, кошарка, трка со препреки.

Тимски игри за поттикнување на духот на соработка.

13:30 - 14:00

Разговор за доживување на активностите и впечатоци.

ОДГОВОРНИ ЛИЦА:

Раководител на излетот:
Никола Данев – наставник по физичко и здравствено образование

Наставници:
Одделенските раководители на учениците од I – IX одд.

Ученици:
Учениците од I – IX одд. во учебната 2026/2027 година.

Локација за посета и правци на патување

- Локација за посета: Градски парк, Скопје
- Правци на патување: Скопје

Техничка организација:
Техничката организација и начинот на организирање на екскурзијата се споредувани и надгледувани од 5-член тим, согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

Начин на финансирање:
Плаќањето е регулирано со Договор кој го склучува директорот на Училиштето со понудувачот согласно член 22 од Правилникот.

Евалуација

По реализирањето на излетот, одделенските наставници изготвуваат краток извештај за реализацијата, постигнатите воспитно-образовни цели, однесувањето на учениците и евентуалните препораки за идни активност

Пролетен еднодневен излет за ученици од I – III одделение

Место на одржување: Сарај
Целна група: Ученици од I - III одделение
Време на реализација на излетот: мај 2027 година
Времетраење: 09:00 - 15:00 часот
Цели на излетот:

1. **Наставни цели:**
   - Развивање на знаењето за природата и животната средина.
   - Поттикнување на љубопитноста и интересот за учење преку игра.
2. **Рекреативни цели:**
   - Промоција на физичка активност преку игра и екипни спортови.
   - Остварување на дружба и соработка помеѓу учениците.

АКТИВНОСТИ:
09:00 - 09:30

- Собирање на учениците

Место: Пред училиштето
09:30 - 10:00

- **Поаѓање кон Сарај, транспорт со автобус**

10:00 - 10:30

- **Заедничка прошетка и сместување на локацијата**

10:30 - 11:00

- **Прва активност: "Запознавање со природата"**

Игри на отворено: "Лов на богатства" (идентификување на различни растенија и животни)
11:00 - 11:30

- **Научна активност: "Мали истражувачи"**

Изведување на едноставни истражувачки активности: набљудување и запишување на наоди
11:30 - 12:00

- **Слободно време**

12:00 - 13:00

- **Спортски активности**

Игри на отворено: фудбал, одбојка, трчање
13:00 - 13:30

- **Ручек (Учениците имаат пакуван ручек од училишната кујна)**

13:30 - 14:30

- **Креативна работилница: "Природни уметности"**
- **Забавна активност: "Театар на сенки"**

14:30

- **Враќање во училиште.**

ОДГОВОРНИ ЛИЦА:

Раководител на излетот:
Златко Арсовски – наставник по физичко и здравствено образование

Наставници:
Одделенските раководители на учениците од I – III одд.

Ученици:
Учениците од I – III одд. во учебната 2026/2027 година

Локација за посета и правци на патување

- Локација за посета: Сарај, Скопје
- Правци на патување: Скопје

Техничка организација:
Техничката организација и начинот на организирање на екскурзијата се споредувани и надгледувани од 5-член тим, согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

Начин на финансирање:
Плаќањето е регулирано со Договор кој го склучува директорот на Училиштето со понудувачот согласно член 22 од Правилникот.

Пролетен еднодневен излет за ученици од IV - IX одделение

Место на одржување: Лешок
Целна група: Ученици од IV - IX одделение
Време на реализација на излетот: мај 2027 година
Времетраење: 09:00 - 15:00 часот

Цел на излетот
Еднодневниот пролетен излет има за цел да придонесе кон воспитниот и образовниот развој на учениците преку непосредно запознавање со природните убавини и културно-историското наследство на Лешок, развивање на еколошката свест, поттикнување на другарството, соработката и одговорното однесување во природна средина.

Воспитно-образовни задачи

- Запознавање со природните и културно-историските вредности на Лешок.
- Запознавање со значењето на Лешочкиот манастир и делото на Кирил Пејчиновиќ.
- Развивање чувство за припадност кон културното наследство на Република Северна Македонија.
- Развивање еколошка култура и грижа за животната средина.
- Поттикнување на физичката активност и здравите животни навики.
- Развивање на меѓусебна комуникација, толеранција, соработка и тимска работа.
- Почитување на правилата за безбедно однесување при патување и престој во природа.

Очекувани исходи

По реализирањето на излетот учениците ќе:

- ги препознаваат основните природни и културни знаменитости на Лешок;
- покажуваат позитивен однос кон зачувувањето на природата;
- применуваат правила за безбедно и одговорно однесување;
- развиваат чувство за другарство, соработка и меѓусебно почитување;
- стекнат нови искуства преку организирани образовни и рекреативни активности.

Програма на активности

Време	Активност
08:00	Поаѓање од училиштето.
09:30	Пристигнување во Лешок и краток одмор.
09:45 –11:00	Посета на Лешочкиот манастир, разгледување на манастирскиот комплекс и запознавање со неговото културно-историско значење.
11:00 – 12:30	Прошетка низ природната околина, набљудување на природните карактеристики и разговор за заштита на животната средина.
12:30 – 13:30	Ручек и слободно време.
13:30 – 15:00	Спортско-рекреативни активности (штафетни игри, фудбал, одбојка, натпреварувачки игри, квизови). Враќање во училиште

Организација

- Превозот се реализира со лиценциран автобуски превозник.
- Секој наставник е задолжен за својата група ученици.
- Пред поаѓањето учениците се запознаваат со правилата за безбедност.
- Се води евиденција за присутност при поаѓање, за време на престојот и при враќањето.
- Се обезбедува комплет за прва помош.
- Учениците задолжително ги почитуваат упатствата на наставниците.

Мерки за безбедност

- Користење технички исправни автобуси со лиценциран превозник.
- Почитување на сите правила за безбедно патување.
- Забрана за оддалечување од групата без дозвола.

- Континуиран надзор од страна на наставниците.
- Навремено информирање на родителите за програмата и времето на реализација.
- Во случај на неповолни временски услови, програмата може да биде изменета или одложена.

Потребна опрема

- Спортска и удобна облека.
- Удобни обувки.
- Капа.
- Шише со вода.
- Лесна јакна.
- Средства за заштита од сонце.
- Лични потреби.

ОДГОВОРНИ ЛИЦА:

Раководител на излетот:
Драгослав Марина – наставник по физичко и здравствено образование

Наставници:
Одделенските раководители на учениците од IV – IX одд.

Ученици:
Ученици од IV – IX одд. во учебната 2026/2027 година

Локација за посета и правци на патување
- Локација за посета: Лешок, Тетовско
- Правци на патување: Скопје - с.Лешок – Скопје
-

Техничка организација:
Техничката организација и начинот на организирање на екскурзијата се споредувани и надгледувани од 5-член тим, согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

Начин на финансирање:
Плаќањето е регулирано со Договор кој го склучува директорот на Училиштето со понудувачот согласно член 22 од Правилникот.

Евалуација

По реализирањето на излетот, одделенските наставници изготвуваат краток извештај за реализацијата, постигнатите воспитно-образовни цели, однесувањето на учениците и евентуалните препораки за идни активности.

ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕДНОДНЕВНА НАСТАВНО-НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III ОДДЕЛЕНИЕ

Дестинација	Кратово
Времетраење	Еден ден
Планиран термин	Мај 2027 година
Опфатени паралелки	III-1, III-2, III-3 и III-4

Раководител на екскурзијата:
Катерина Данилоска Поповска – одделенски наставник

Одговорни одделенски наставници

Паралелка	Одделенски наставници
III-1	Ана Петровиќ Крстева, Катерина Данилоска Поповска
III-2	Лина Глишиќ, Стефанија Јовчевска
III-3	Емилија Петровска, Весна Ѓорѓиевска Ангеловска
III-4	Весна Јовчевска, Ема Казакова

Предлагач: Стручен тим за организација на екскурзии и слободни активности

Програмата е изготвена согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

УЧЕНИЦИ
ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ – Скопје, паралелки III-1, III-2, III-3 и III-4, во учебната 2026/2027 година.
Вкупен број ученици: **99**

ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Екскурзијата ќе се одржи во времетраење од еден ден, во месец мај 2027 година, во согласност со предвидената возрасна група на учениците од III одделение.

ЛОКАЦИЈА

Кратово и околината.

ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Организацијата и изведувањето на екскурзијата ги спроведува и надгледува стручен тим составен од директорот на училиштето и одделенските наставници на паралелките опфатени со екскурзијата. Директорот именува раководител на екскурзијата од редот на наставниците. Превозникот се избира по пат на прибирање понуди, при што предност имаат понудите со најповолен однос на цена, безбедност и квалитет на услугата.

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на екскурзијата се однесува на трошокот за превоз и се регулира со Договор кој директорот на училиштето го склучува со избраниот превозник. Одделенските наставници ги запознаваат родителите со висината на трошокот за превоз најдоцна 15 дена пред терминот на екскурзијата.

ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Општи цели:

- Запознавање со природните убавини и географските карактеристики на Кратово и околината, преку непосредно набљудување.
- Запознавање со културата, традицијата и начинот на живеење на луѓето во Источна Македонија.
- Поттикнување љубопитност и интерес за учење низ игра и непосредно доживување надвор од училницата.
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности.

- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики и одговорно однесување кон околината.
- Јакнење на меѓусебното другарување, тимска работа и зацврстување на односот ученик – наставник.
- Развивање самостојност, дисциплина и одговорно однесување надвор од училишната средина.

Посебни цели по наставни предмети:

Македонски јазик
- Учениците да се запознаат со обележјата на источномакедонското наречје преку слушање говор на локалното население.
- Да се запознаат со легендата како литературен вид, преку „Легендата за Радин Мост“.
- Збогатување на речникот со нови зборови поврзани со патувањето, природата и историјата на градот.
- Поттикнување усно раскажување и опишување на впечатоците од екскурзијата по враќањето во училиште.

Природни науки
- Набљудување на релјефот, растителниот и животинскиот свет карактеристични за градот Кратово.
- Препознавање на реки, извори и природни појави во непосредната околина на градот.
- Поттикнување истражувачки дух преку едноставни набљудувања и споредби на природата во Кратово и во Скопје.

Општество
- Запознавање со старите градби и знаменитости во Кратово – кулите, мостовите и чаршијата.
- Развивање љубов и почит кон татковината и нејзиното културно наследство.

Ликовно образование
- Поттикнување естетска перцепција преку набљудување на архитектурата, боите и формите на стариот град.
- Изработка на цртежи или скици инспирирани од впечатоците од екскурзијата, по враќањето во училиште.

Физичко и здравствено образование
- Одржување и подобрување на општата физичка состојба преку одење, движење во природа и активности на отворено.
- Развивање љубов кон активностите во природа и усвојување навики за безбедно однесување при патување и престој надвор од училиштето.

Музичко образование
- Продлабочување на знаењата за елементите и карактеристиките на народното музичко творештво од Источна Македонија.
- Учење на народната песна „Мост ми ѕидале девет мајстори“, поврзана со легендата за Радин Мост.

ЗАДАЧИ

Задачи на учениците:
- Читање легенда поврзана со градот Кратово;
- Учење и пеење народна песна од Источна Македонија;
- Презентирање на впечатоците од екскурзијата;
- Социјализација, колективна заштита, осамостојување и грижа за себе;
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции.

Задачи на наставниците:
- Прибирање податоци за здравствената состојба на учениците од родителите пред поаѓањето.
- Најдоцна седум дена пред изведувањето на екскурзијата, одделенскиот наставник организира состанок со учениците и нивните родители, на кој ги информира и им дава детални објаснувања за Програмата;
- Насочување, водење и поттикнување на учениците за реализирање на наведените воспитно-образовни цели и задачи;
- Изготвување краток извештај за изведената екскурзија, најдоцна три дена по реализацијата, со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

Скопје – Кратово – Скопје

План на патување и посети:
- Поаѓање од пред училиштето;
- Кратово: Куклица, чаршијата во Кратово, Симиќева саат-кула, Радин мост, Грошчински мост и црквата „Св. Ѓорѓи Кратовски“;
- Пристигнување во Скопје.

СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ

Куклица (Камени кукли)

На ова место учениците ќе се запознаат со ретките природни камени формации создадени низ вековите. Преку забавната народна легенда за „скаменетата свадба“, децата на сликовит начин ќе ја развијат својата имагинација и ќе научат како природата може да биде врвен уметник.

Старата чаршија во Кратово

Учениците ќе имаат можност да видат како изгледале старите занаетчиски дуќани и како се одвивал животот во минатото. Воедно, ќе прошетаат низ живописната и автентична кратовска чаршија, која зрачи со старински дух и традиција.

Симиќева саат-кула

Запознавање со една од најстарите, највисоките и највпечатливите кули во Кратово, која со векови гордо го покажува времето. Децата ќе научат за улогата на кулите-стражари во минатото и како луѓето се заштитувале.

Радин мост

Посета на најпознатиот и најлегендарниот мост во Кратово, кој се издига високо над Радинска Река. На ова место учениците ќе ја слушнат трогателната приказна за деветте браќа мајстори и убавата Рада, која учи на почит кон макотрпната работа на старите градители.

Грошчински мост

Прошетка преку еден од најстарите мостови во градот, учениците ќе научат како Кратово успеал да ги спои своите маала преку многубројните мостови и зошто го носи епитетот „Град на мостовите и кулите“.

Црква „Св. Ѓорѓи Кратовски“

Посета на градската црква посветена на патронот и заштитник на градот, Свети Ѓорѓи Кратовски. Преку оваа посета учениците ќе се запознаат со историското значење на овој светител од Кратово, со културното наследство на регионот, како и со вредностите на добрината, храброста и чесноста кои тој ги симболизира.

ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДВОДНЕВНА НАСТАВНО-НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ОДДЕЛЕНИЕ

I. ПРАВЕН ОСНОВ

Програмата за реализација на дводневната наставно-научна екскурзија за учениците од VI одделение е изготвена согласно:

- Законот за основното образование;
- Правилникот за начинот на организирање и реализирање на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците во основното образование;
- Годишната програма за работа на ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ – Скопје за учебната 2026/2027 година;
- Наставните програми за VI одделение, донесени од Министерството за образование и наука.

Наставно-научната екскурзија претставува организирана воспитно-образовна активност што овозможува непосредно учење преку истражување, набљудување и практични активности во природна, културна и историска средина.

II. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Одделение: VI-1, VI-2, VI-3 и VI-4
Учесници: Ученици од VI одделение
Вид на активност: Дводневна наставно-научна екскурзија
Времетраење: Два дена (мај 2027 година)
Реон на реализација: Западен плански регион
Маршрута:
Скопје – Тетово – Маврово – Манастир „Св. Јован Бигорски“ – Струга – Охрид – Битола – Стоби – Скопје
Раководител на екскурзијата:
Даниела Нацев – наставник по математика
Одговорни наставници: Ана Георгиева, Даниела Нацев, Благородна Наумоска, Виолета Котеска Глигорова.

III. ЦЕЛ НА ЕКСКУРЗИЈАТА

Основна цел на наставно-научната екскурзија е учениците преку непосредно набљудување, истражување и практични активности да ги прошират и продлабочат знаењата стекнати во наставата, да ги поврзат со реалниот живот и да развиваат позитивен однос кон природното, историското и културното наследство на Република Северна Македонија.

Истовремено, екскурзијата придонесува за развивање на меѓусебната соработка, толеранцијата, почитувањето на различностите, самостојноста, одговорноста и еколошката свест кај учениците.

IV. ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Општи цели

- стекнување знаења преку непосредно искуствено учење;
- развивање истражувачки дух и критичко размислување;
- поврзување на наставните содржини со природната и општествената средина;
- развивање љубов кон татковината и почитување на културното и природното наследство;
- развивање еколошка свест и одговорно однесување кон животната средина;
- поттикнување на меѓусебна соработка, солидарност, толеранција и почитување на различностите;
- развивање комуникациски и социјални вештини;
- поттикнување здрави животни навики и физичка активност;
- развивање чувство за лична и колективна одговорност.

Посебни цели по наставни предмети

Македонски јазик
Учениците:
- ќе го збогатуваат речникот преку непосредно доживување и набљудување;
- ќе развиваат вештини за усно и писмено изразување;
- ќе собираат информации и ќе подготвуваат патопис, извештај или презентација;
- ќе го согледуваат значењето на културното и јазичното наследство.

Историја и општество
Учениците:
- ќе ги препознаваат значајните историски локалитети во Западна Македонија;
- ќе го објаснуваат значењето на Охрид како духовен и културен центар;
- ќе ја согледуваат улогата на Свети Климент и Свети Наум во развојот на словенската писменост;
- ќе го препознаваат значењето на Самоиловата држава и Охридската архиепископија;
- ќе развиваат почит кон културното наследство.

Географија
Учениците:
- ќе ги препознаваат природно-географските особености на Западна Македонија;
- ќе ги поврзуваат релјефот, климата, водите, почвите и живиот свет;
- ќе ја анализираат улогата на природните ресурси во развојот на населените места;
- ќе развиваат вештини за ориентација во простор.

Природни науки
Учениците:
- ќе ги набљудуваат екосистемите во природна средина;
- ќе ја согледуваат разновидноста на растителниот и животинскиот свет;
- ќе ја разбираат поврзаноста меѓу живите организми и условите за живот;
- ќе развиваат одговорен однос кон зачувувањето на природата и биолошката разновидност.

Математика
Учениците:
- ќе собираат и организираат податоци;
- ќе проценуваат растојанија, време и големини;
- ќе применуваат математички знаења во реални ситуации;
- ќе ги прикажуваат податоците во табели и графикони.

Физичко и здравствено образование
Учениците:
- ќе учествуваат во рекреативни активности;
- ќе применуваат правила за безбедно движење;
- ќе развиваат навики за здрав живот и престој во природа;
- ќе стекнуваат искуства за тимска работа и меѓусебна поддршка.

V. ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ

По реализирањето на екскурзијата учениците ќе можат:
- да ги идентификуваат најзначајните природни и културно-историски локалитети во Западна Македонија;
- да ги поврзуваат знаењата стекнати на часовите со реалната средина;
- да користат различни извори за прибирање и обработка на информации;
- да работат во тим и да преземаат одговорност за заедничките активности;
- да покажуваат позитивен однос кон зачувувањето на природното и културното наследство;
- да ги почитуваат правилата за безбедност при патување и престој надвор од училиштето;
- да изработат извештај, презентација или друг продукт како резултат од реализираната екскурзија.

VI. ПОДГОТОВКА ПРЕД РЕАЛИЗАЦИЈАТА

Активности на учениците
- прибирање информации за локалитетите што ќе се посетат;
- истражување на историски, географски и природни особености;
- подготовка на прашања и истражувачки задачи;
- запознавање со правилата за безбедно однесување;
- подготовка на потребната лична опрема.

Активности на наставниците
- изработка на програмата за екскурзијата;
- организација на родителска средба и запознавање на родителите со програмата;
- прибирање податоци за здравствената состојба на учениците;
- распределба на задолженија на членовите на стручниот тим;
- подготовка на наставни материјали и истражувачки задачи;
- координација со избраниот економски оператор и проверка на исполнетоста на условите за безбедна реализација;
- запознавање на учениците со правилата за однесување и безбедност за време на екскурзијата.

VII. ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ

ПРВ ДЕН

Маршрута:
Скопје – Тетово – Маврово – Манастир „Св. Јован Бигорски“ – Струга – Охрид

Време	Активност	Воспитно-образовна корелација
07:00	Собирање на учениците пред училиштето, проверка на присутноста, запознавање со правилата за безбедност и поаѓање.	Одделенски час, Граѓанско образование
08:30	Пристигнување во Тетово и посета на Шарената џамија. Запознавање со нејзината архитектура, културно и историско значење и соживотот на различните заедници.	Историја и општество, Македонски јазик
10:00	Продолжување кон Националниот парк Маврово. Набљудување на релјефните форми, шумските екосистеми и природните особености на регионот.	Географија, Природни науки
11:00	Посета на Мавровското Езеро. Разговор за природното и вештачкото езеро, хидрографските особености, влијанието на климата врз живиот свет и значењето на водните ресурси.	Географија, Природни науки
12:30	Посета на манастирот „Св. Јован Бигорски“. Запознавање со духовното, историското и културното значење на манастирот, архитектурата и резбарската уметност.	Историја и општество, Македонски јазик
13:30	Организиран ручек.	Вештини на живеење
14:30	Патување кон Струга.	
15:30	Прошетка низ Струга, разгледување на реката Црн Дрим, Мостот на поезијата и централното градско подрачје. Посета на Народниот музеј „Д-р Никола Незлобински“ (доколку е предвидено во програмата на економскиот оператор).	Македонски јазик, Географија, Природни науки, Историја
17:00	Продолжување кон Охрид.	
18:00	Сместување во хотел.	
19:00	Вечера.	
20:00	Вечерни воспитно-образовни активности: тимски игри, едукативен квиз, анализа на дневните активности, разговор за впечатоците и подготовка за вториот ден.	Македонски јазик, Физичко и здравствено образование
22:00	Ноќен одмор.	

ВТОР ДЕН

Маршрута:
Охрид – Битола – Скопје

Време	Активност	Воспитно-образовна корелација
07:30	Појадок.	
08:30	Прошетка низ стариот дел на Охрид.	
09:00	Посета на Самоиловата тврдина. Запознавање со Самоиловата држава и средновековниот развој на Охрид.	Историја и општество
10:00	Посета на Античкиот театар и археолошкиот локалитет Плаошник. Запознавање со античкиот град Лихнидос, дејноста на Свети Климент и Охридската книжевна школа.	Историја и општество, Македонски јазик
11:30	Прошетка низ Охридската чаршија, разгледување на Чинарот и споменикот на Свети Климент Охридски.	Македонски јазик
12:30	Ручек. (ланч пакет)	
13:30	Патување кон Битола.	
15:00	Прошетка по Широк Сокак. Запознавање со урбаното јадро, архитектурата, културното наследство и значењето на Битола како административен, културен и образовен центар.	Историја и општество, Географија
16:00	Посета на Спомен-собата на Мустафа Кемал Ататурк (според работното време на музејот).	Историја и општество
17:00	Поаѓање кон Скопје	Историја и општество

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЕКСКУРЗИЈАТА

Наставно-научната екскурзија ќе се реализира согласно Годишната програма за работа на училиштето, Правилникот за начинот на организирање и реализирање на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците во основното образование и одлуките на надлежните органи на училиштето.

Организацијата на екскурзијата ја спроведува Комисија/стручен тим формиран со одлука на директорот на училиштето, во соработка со избраниот економски оператор.

За реализација на екскурзијата се обезбедуваат:

- лиценциран економски оператор избран согласно законските прописи;
- превоз со технички исправни автобуси што ги исполнуваат условите за превоз на ученици;
- хотелско сместување со соодветни услови за престој;
- исхрана согласно договорената понуда;
- локални водичи, кога тоа е предвидено со програмата;
- патничко осигурување на учениците и наставниците, доколку е предвидено со договорот.

XI. ЗАДОЛЖЕНИЈА НА РАКОВОДИТЕЛОТ НА ЕКСКУРЗИЈАТА

Раководителот на екскурзијата:

- ја координира целокупната организација и реализација;
- ја следи реализацијата на воспитно-образовните активности;
- соработува со економскиот оператор и одговорните лица;
- се грижи за безбедноста на учениците;
- води евиденција за присутноста на учениците;
- организира дневни состаноци со наставниците;
- постапува согласно протоколите во случај на непредвидени околности;
- по завршувањето изготвува извештај за реализираната екскурзија.

XII. ЗАДОЛЖЕНИЈА НА НАСТАВНИЦИТЕ

Наставниците кои учествуваат во реализацијата на екскурзијата:

- вршат постојан непосреден надзор над учениците;
- се грижат за нивната безбедност, здравје и дисциплина;
- реализираат воспитно-образовни активности согласно програмата;
- ги поттикнуваат учениците на активно набљудување, истражување и учество;
- водат грижа за редовноста при поаѓање и пристигнување;
- го евидентираат евентуалното отсуство или здравствени состојби;
- соработуваат со родителите доколку се појави потреба;
- активно учествуваат во изготвувањето на завршниот извештај.

XIII. ОБВРСКИ НА УЧЕНИЦИТЕ

Учениците се должни:

- да ги почитуваат упатствата на наставниците;
- редовно да присуствуваат на сите планирани активности;
- да се однесуваат културно и одговорно;
- да ги почитуваат правилата на хотелот и посетените институции;
- да не се оддалечуваат од групата без дозвола;
- да ја чуваат природата и културното наследство;
- да ги почитуваат правилата за безбедност во автобусот и на јавни места;

- одговорно да се однесуваат кон личните и училишните материјали;
- да покажуваат меѓусебна почит, толеранција и соработка.

XIV. МЕРКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

За време на реализацијата на екскурзијата ќе се применуваат следните мерки:

- превозот ќе се врши со возила што ги исполнуваат законските услови за организиран превоз на ученици;
- учениците ќе бидат под постојан надзор на наставниците;
- пред поаѓањето учениците ќе бидат запознаени со правилата за безбедно однесување;
- ќе се води евиденција за присутноста при секое поаѓање и пристигнување;
- наставниците ќе располагаат со контактите на родителите/старателите;
- ќе биде обезбеден комплет за прва помош;
- ќе се почитуваат препораките на здравствените установи и надлежните институции;
- во случај на повреда или здравствен проблем ќе се постапува согласно важечките протоколи и ќе бидат известени родителите и директорот на училиштето;
- при неповолни временски услови или други непредвидени околности, програмата може да биде изменета во интерес на безбедноста на учениците.

XV. НАЧИН НА СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА

Успешноста на екскурзијата ќе се следи преку:

- непосредно набљудување на учениците;
- учество во планираните активности;
- разговори и дискусии;
- дневник на екскурзијата;
- ученички презентации, постери и патописи;
- фотографии;
- извештаи на наставниците.

По завршувањето на екскурзијата, учениците ќе ги презентираат стекнатите знаења и искуства преку различни форми на работа.

Стручниот тим ќе изготви извештај за реализацијата на екскурзијата, со оценка за остварености на воспитно-образовните цели, организацијата, безбедноста и квалитетот на дадените услуги.

XVI. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

